# СВЕТСКИ ДЕН НА БОРБА ПРОТИВ СИДА-ТА





## СВЕТСКИОТ ДЕН НА БОРБА ПРОТИВ СИДА-ТА СЕ ОДБЕЛЕЖУВА СЕКОЈА ГОДИНА НА 1-ВИ ДЕКЕМВРИ

Тоа е можност за луѓето ширум светот да се обединат во борба против СИДА-та, да испратат поддршка за лицата кои живеат со СИДА и да се сетат на оние кои починале од заболувања поврзани со СИДА-та. Втемелен во 1988-та година од страна на Светската здравствена организација Светскиот ден на борба против СИДА-та е првиот воопшто меѓународен ден во врска со здравјето и е резултат на препознавање на потребата за глобален одговор за разрешување на HIV пандемијата.

## ФАКТИ ЗА HIV (вирусот на хумана имунодефициенција)

**Податоци од меѓународната статистика**

■ Повеќе од 36 милиони луѓе живеат со HIV ширум светот. Една од причините зошто овој број расте е поради тоа што на се повеќе лица им се

достапни лекови, што им го спасува животот, што значи дека сé повеќе и повеќе луѓе живеат подолго и поздраво.

■ Во 2014 година 1,2 милиони лица починале од заболувања поврзани со СИДА-та. Ова е намалување од 42% споредено со 2004-та.

■ Помеѓу 2000-та и 2014-та година, бројот на нови случаи со HIV инфекција опаднал од 3,1 милион на 2 милиони случаи, што чини редукција од 35%.

■ Сепак, во некои од најтешко погодените земји во суб-Сахарска Африка, стапката на HIV инфекција е сеуште еден од три лица.

■ Новите случаи со HIV инфекција кај децата се 58% пониски во 2014-та отколку што биле во 2000-та година, благодарение на зголемувањето на бројот на бремени жени кои сега имаат достап до анти HIV терапија.

■ Вкупно, околу половина од инфицираните со HIV во светот, се жени.

---

Ноември 2017
Преземено од: UNAIDS website, World AIDS Day website
Подготвил: прим. д-р сци. Весна Спирова